British Embassy Skopje

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

# ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС

за учество во проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство

## 1. Општи информации

Институтот за економски истражувања и политики Finance Think, Скопје, со поддршка од Британска Амбасада, Скопје, го спроведува проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство чија цел е да се истражи ефикасноста и квалитетот на избрани политики во областите на квалитет на животот, образование и здравство, преку јавна дебата и решенија за политиките кои произлегуваат од податоци и докази.

За успешно остварување на целта на проектот, потребно е вклучување на истражувачи/експерти кои работат во трите области од интерес на истражувањето: квалитет на живот, образование и здравство. Активности во кои пријавените експерти би учествувале во текот на спроведување на проектот се:

- Учество во идентификување на клучните политики во трите наведени области;
- Учество во анализа на постоечките политики во трите наведени области;
- Менторирање на тимови составени од граѓански организации што ќе вршат анализи на политики од трите области;
- Рецензирање на анализите изготвени во рамки на проектот;
- Учество на обуки, дебати, состаноци и други настани во рамки на проектот; и сл.

## 2. Начин на пријавување

Сите заинтресирани организации треба да поднесат пополнет образец на електронската адреса despina.tumanoska@financethink.mk, најдоцна до 19 октомври 2016 година.